# ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА



# Извештај за реализација на програмата за работа на Претседателот на Основен суд Виница за 2022

ВИНИЦА, ФЕВРУАРИ 2023

# Содржина


ВОВЕД ..... 2
МИСИЈА ..... 2
ВИЗИЈА ..... 2
ПРОМЕНИ ..... 3
- КЛИМА ..... 3
- ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ..... 3
- СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ ..... 4
- ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК ..... 5
- ЕФИКАСНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ..... 5
- РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ ..... 6
- СУДИИ ..... 8
- СУДСКИ СОРАБОТНИЦИ ..... 9
- АДМИНИСТРАЦИЈА ..... 9
- СУДСКА ПОЛИЦИЈА ..... 9

АНАЛИЗА ..... 10
ПРИОРИТЕТИ ..... 10
- ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ..... 10
- ОПРЕМА ..... 11
- ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА ..... 12
- БАЗА НА ПОДАТОЦИ ..... 12

ЦЕЛ ..... 13
ФИНАНСИРАЊЕ ..... 13
СОРАБОТКА ..... 14

# ВОВЕД

Во 2022 година, претседателот на судот продолжил со активностите за реализација на програмата за работа, а согласно условите и потенцијалите за работа на судот. Вршено е целосна примена на Судскиот деловник и на програмата АКМИС.

Продолжено е со мерките за зголемување на дисциплината и контролата во работењето, подобрување на квалитетот на односот на вработените спрема странките и на информираноста на вработените и јавноста за работата на судот. И покрај недостаток со човечки ресурси во судот, намалениот број на судски службеници, со настојувањето на судиите и вработените во судот за совладување на приливот на предмети, приливот беше совладан и заостатокот на предмети намален за 152 предмети.

Наменски се трошени средствата на судот кои се определени со Буџетот за 2022 година со примена на принципот на економичност.

Контактите со Судскиот совет се редовни и на потребното ниво, а исто така и контактите со другите судови и органи.

# МИСИЈА

Основниот суд Виница е суд од основна надлежност и во рамките на својата надлежност ги применува формалните и материјалните закони во граѓанските спорови и казнените дела, како и во другите постапки, во остварувањето на правата на граѓаните и правните лица, по нивно барање и по службена должност. Судот е ефикасен и ажурен во оставарувањето на правата на граѓаните по нивни барања, на кои се одговара во најкраток можен рок. Се почитуваат законските рокови во постапката, освен во дел поради објективни причини – отсуство на странките од местото на живеење и на работа во странство, како и чести отсуства на јавниот обвинител каде што тој е овластен тужител.

# ВИЗИЈА

Судот настојува да биде остварена функцијата пропишана со Уставот, законите и меѓународните конвенции и договори, кои се гледаат од остварените резултати во работењето изнесени во Годишниот извештај за

работа, како и за работата на судиите.

# ПРОМЕНИ

## КЛИМА

Во судот се градат добри односи помеѓу вработените, судиите и странките. Претседателот на судот редовно контактира со вработените, на кои преку разговор им се укажува на согледаните пропусти и неправилности во работењето, со цел за подобрување на работата, посебно на нивниот однос кон странките и односот помеѓу самите вработени. Со судиите редовно се разговара и се разменуваат мислења за сите проблеми кои се јавуваа во текот на работењето како и на нивно тековно решавање. Решавање на предметите со почитување на роковите во постапката пропишани со Закон и на градење што подобри односи со странките посебно за враќање на довербата на граѓаните во судот и судството воопшто.

Информирањето на вработените на ниво на суд е навремено и објективно. Тоа се остваруваше преку интра-нет страната на судот, потоа преку Веб страницата на судот, одржување на состаноци со претседателот и судиите, како и со директни контакти со претседателот во форма на разговори за тековни проблеми, укажувања на недостатоци, писмени известувања и преку контроли за извршување на задачите на вработените. За согледаните неправилности-грешки им е укажувано на вработените усно и писмено.

## ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во судот редовно се изготвуваа редовните месечни извештаи за работа, како за судот, така и поединечно за секој судија, кои извештаи по изготвувањето и усвојувањето од седницата на судиите се доставуваа до надлежните органи и објавуваа на интернет страната на судот, од каде што јавноста имаше слободен пристап и увид во работењето на судот и судиите. Преку веб страната на судот редовно се објавуваа и неделните и месечните распореди за закажаните рочишта и расправи за сите судии. На тој начин се придонесе и за подобрување на комуникацијата со странките, а со години наназад е воспоставена пракса во Среда кога е пазарен ден во градот Виница, граѓаните на Општина Виница кои што имаат потреба

како странки во постапката да се информираат и остварат контакт со Претседателот на судот по однос на проблеми на кои наидуваат во остварувањето на своите права како странки, заради упатување и надминување на истите.

Канцеларијата за односи со јавноста преку одговорното лице контактира со заинтересираните лица и постапуваше по нивните барања. По сите барања на заинтересираните лица е навремено одговорено.

Странките и во текот на 2022 година, со лично присуство се информираа или поднесуваа писмени барања за информации за проблемите на кои наидуваат во остварувањето на нивните права .

## СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ

Основниот суд Виница во текот на 2022 година, работеше со двајца судии и претседателот на судот. Претседателот и судиите секојдневно се среќаваат, нивните канцеларии се на спратот од зградата на судот и во нивното секојдневно среќавање и видување разменуваа мислења за тековните проблеми , нагласувајќи ја потребата од можноста за навремено решавање на предметите, квалитетот во работењето, носењето на одлуките, односот на судиите со странките и вработените и можноста за ажурност односно решавање на поголем број на предмети со посебен акцент на решавање на старите предмети и намалување на заостатокот на предметите што се создаде поради пандемијата, одсуството на странките од местото на живеење на работа во странство и поголемиот прилив на предмети од сите области Споредбено со 2021 година во 2022 година, примени се 160 предмети помалку а и решени се повеќе 212 предмети. Еднаш месечно се одржувале седница на судиите на која се разгледувал месечниот извештај за работа а се расправало и за проблеми кои настануваат во текот на работењето, посебно за правилната примена на правните прописи во врска со предметното работење, решавањето на предметите посебно на старите предмети, придржувањето кон акциониот план за решавање на стари предмети и известување за причините за нивното нерешавање односно одложување и одолговлекување. Судиите заедно со судските соработници ги разгледувале вратените предмети по жалба од Апелациониот суд, кога отворено се дискутира и се заземаат ставови за причините за укинување на пресудите. Во судот еден од

стручните соработници е овластен за следење на судска пракса. Сите донесени заклучоци од страна на четирите Апелациони судови редовно се разгледуваа од страна на судиите и се доставуваа писмено до судиите како и правните мислења и ставови на Врховниот суд, Одлуките од Стразбур.

# ДОСЛЕДНА ПРИМЕНА НА СУДСКИОТ ДЕЛОВНИК

Во 2022 година се продолжи со доследната примена на Судскиот деловник и целосна примена на програмата АКМИС од страна на сите вработени кои се поврзани со нив. Сите вработени се обучени на потребното ниво за работа со програмот АКМИС и во работењето покажуваат добри резултати. Нема случаи на погрешна примена на судскиот деловник.

# ЕФИКАСНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Основниот суд Виница и покрај работењето со намален број на судски службеници (поради исполнување на услови за пензија и со отказ од страна на работникот), настојува да се решат што поголем број на предмети. Да се продолжи со ефикасност во работењето и да се совлада приливот на предмети а заостатокот со стари предмети намали. Одлуките по предметите кои беа решени, по изготвувањето беа доставувани до странките и редовно по правосилноста се објавуваа на судскиот портал., на веб страната на судот а на веб страната на судот се објавуваа и други информации од работењето и во врска со работењето на судот. Странките беа информирани за можноста за електронско остварување на одредени права.

Според времетраењето на постапката најголем дел од предметите (72,3%) се решени до 6 месеци (180 дена), што се гледа од приложената табела:

| Времетраење на постапката | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | граѓанско | % | кривчно | % | **вкупно** | **%** |
| До 30 дена | 78 | 39,4 | 105 | 10,8 | **183** | **15,6** |
| Од 1до 3м | 60 | 30,3 | 178 | 18,3 | **238** | **20,3** |
| Од 3м до 6м | 45 | 22,7 | 381 | 39,1 | **426** | **36,4** |
| Од 6 м до 1 г | 12 | 6,1 | 239 | 24,6 | **251** | **21,4** |
| Над 1 год | 3 | 1,5 | 70 | 7,2 | **73** | **6,2** |
| Вкупно | 198 | | 973 | | **1171** | |

Судиите ги применуваа Меѓународните Конвенции и Договори во граѓанската и кривичната постапка, а се применуваше и праксата на Судот за човекови

права во Стразбур.

Работното тело за управување со движењето на предметите во судот работеше според годишниот план за управување со движењето на предметите и секој месец редовно доставуваше месечен извештај, со предлог мерки за спречување на создавањето и намалување на заостатокот на нерешени предмети и за застојот на движењето на предметите во судот. Таков извештај на Работното тело редовно, месечно се доставува до Судскиот совет на РСМ, а се доствувани и изјави во однос на предметите за кои во законски предвидените рокови не се преземени дејствија, причините за тоа и предлог мерките од самиот судија за надминување на таквата состојба односно за намалување на заостатокот на предмети и рокови за решавање на старите предмети.

## РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

Според годишниот распоред за 2022 година во рамките на расположивиот број на судии, еден судија работел на предмети од кривичната област, а еден судија на предмети од граѓанска област. ВД Претседателот на судот, кој е судија на Апелационен суд Штип и кој покрај претседателските работи бидејќи во судот нема администратор ги работи и работите на администратор, а постапува и по граѓански замолници, заверка на договори за доживотна издршка и договор за одстапување на имот за време на живот, заверка на документи со Апостил печат и КРИ предмети, од 17.11.2022 година кога помина периодот а времено упатениот судија на извршување судиска функција во Основен суд Виница, в.д.Претседателот на судот постапувал по прекршочни предмети, како претседател на Кривичен совет и предмети од извршување на санкции како судија за извршување на саникциите. Во случај на иземање на судот, на судија од кривична или граѓанска област се бара од Апелациониот суд Штип да определи друг суд од апелационо подрачје Штип кој ќе постапуваат по истите а исто така и судот постапува по предмети кои со Одлука на Апелациониот суд поради иземање на друг суд се дадени во работа на овој суд. Поради бројот на судиите, кога има потреба, за оформување на кривичен совет е барано делегирање на судии

од друг суд од подрачјето на Апелациониот суд Штип. Донесен е акционен план за решавање на стари предмети кои предмети се од кривичната област и е следена реализацијата на планот за решавањето на истите. Вршен е надзор над навременото и уредно завршување на работите во судот. Претседателот на судот е постапувал по сите административни предмети и работи во судот како и по предметите ЗАВ-Х, КРИ, замолници и заверка на договори за распределба на имот за време на живот и договори за доживотна издршка. Постигнат е добар резултат, во однос на бројот на решените предмети и по квалитет и по број на решени предмети како и на решени стари предмети, и приливот на предметите е совладан и заостатокот е намален за 152 предмети.

### Предметно работење на ниво на суд

| Нерешени премети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **703** | **4148** | **35** | **0** | **4886** | **4335** | **551** |

### Квалитет на предметите на ниво на суд

| Решени предмети | потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Број | % | број | % | број | % |
| **1130** | **76** | **6,7%** | **33** | **2.9%** | **14** | **1,2%** |

### Состојба на стари предмети

| Стари предмети 2022 година | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Остаток од 01/01/2022** | | | **Новопримени** | | | | **Вкупно во работа** | | | | **Решени** | | | | **Остаток на 31/12/2022** | | |
| | **2015** | **2018** | **2019** | **2015** | **2018** | **2019** | **2020** | **2015** | **2018** | **2019** | **2020** | **2015** | **2018** | **2019** | **2020** | **2018** | **2019** | **2020** |
| **К** | **1** | **1** | **2** | 1 | 2 | 1 | 8 | 2 | 3 | 3 | 8 | 2 | 2 | 3 | **3** | **1** | **0** | **5** |
| **ПРК** | **0** | **0** | **5** | 0 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 6 | 7 | 0 | 0 | 3 | **2** | **0** | **3** | **5** |
| **КУИКП** | **0** | **2** | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | **0** | **0** | **1** | **0** |
| **П1** | **0** | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** | **0** | **0** | **0** |
| **ВПП1** | **0** | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **1** |
| **ВКУПНО** | **1** | **3** | **8** | **1** | **2** | **2** | **17** | **2** | **5** | **10** | **17** | **2** | **4** | **6** | **6** | **1** | **4** | **11** |

## Графикон –сумарен преглед на предмети 2021 /2022 година




| | Нерешени предмети | Ново примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток не решени предмети | Разлика 2021/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021 | 483 | 4343 | 4826 | 4123 | 703 | 0 |
| 2022 | 703 | 4183 | 4886 | 4335 | 551 | -152 |

Од овој графикон се гледа обемот на работа и решените предмети споредбено помеѓу 2021 и 2022 година. Се забележува дека во 2022 година во однос на 2021 година обемот на работа е поголем за вкупно 60 предмети- нормирани и ненормирани предмети, приливот на предмети е совладан и заостатокот е намален за 152 предмети .

Со запленетите предмети се постапува согласно законските прописи и истите

предмети за кои просторните услови дозволуваат, се чуваат во просториите на судот и тоа во просторијата каде се наоѓаат архивираните предмети. Судот нема простор за чување на поголеми одземени предмети и воопшто за чување на одземени предмети. Дел од времено одземените предмети од страна на органите до правосилноста на одлуката се наоѓаат на плац кај државни органи а потоа по правосилноста истите се преземаат од Агенцијата за управување со конфискувани предмети, имотна корист и одземени предмети.

## СУДИИ

Судиите во Основен суд Виница имаа професионален однос кон странките и коректен однос кон вработените. Се придржуваа кон Кодексот за судска етика. Навремено ги изработуваа одлуките и при судењето задолжително носеа Тога. Навремено го објавуваат распоредот за судење. Немало поплака од странки за нивна пристрасност. Судиите учествуваа на едукации и надградба на знаењето со посета на семинари организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители како и на семинари организирани од граѓански здруженија, Министерството за правда и др.

## СУДСКИ СОРАБОТНИЦИ

Во судот има еден судски соработник , кој на крајот на годината е унапреден во судски советник и еден помлад судски соработник кој на крајот на годината е унапреден во виш судски соработник, кои изготвуваа нацрт одлуки на судиите. Редовно ги следеа измените на законите и другите прописи и во текот на работењето помагаа на административните работници. Вршат и други работи и задолженија определени со годишниот распоред како и работи по налог на претседателот, поради намалениот број на извршители во судот.

## АДМИНИСТРАЦИЈА

Управувањето со човечките ресурси е основна функција на секоја организација затоа што луѓето се најважниот ресурс на организацијата.Кога правилно ќе се примени, осигурува дека организацијата ги има потребните луѓе , дека тие се

добро квалификувани и мотивирани добро да ги завршат своите работи. Може да се каже дек управувањето со човечките ресурси е од најголема важност во судството, затоа што судството е организација која зависи многу од индивидуалните придонеси.

Ефективноста на овие услуги во голема мера зависи од знаењето, вештината, способностите и ангажираноста на вработените. Политиките и практиките кои вклучуваат вработување и задржување на работна сила, обука и развој, напредување во кариерата, проценка на успешноста, односите со вработените и другите клучни одговорности за човекови ресурси, можат сите да влијаат врз ставовите и однесувањето на вработените и имаат потенцијал да ја поткопаат или зајакнат нивната ефикасност

Основен суд Виница, работи со недоволен број на извршители-судски службеници, намален поради пензионирање и со отказ од страна на работникот а кои работни места во најголем дел се непополнети.

Вработените во Основен суд Виница судски службеници имаа коректен и професионален однос со странките. Се придржуваа кон Кодексот на етика на вработените во судска служба на РСМ и нема случаи на нарушување на угледот на судската служба. Сите вработени го почитуваат работното време и ги извршуваат редовно своите работни обврски во текот на работниот ден. Дел од нив посетуваа континуирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители.

## СУДСКА ПОЛИЦИЈА

Судската полиција е составена од 5 полицајци кои работат по претходно направен распоред за работа. Судските полицајци имаат културен и професионален однос кон странките и се придржуваат кон Правилникот за работа на судската полиција. Вршат редовни и повремени контроли на странките и другите посетители на судот по однос на безбедноста за судот и

вработените. Судската полиција е опремена со пропишаната опрема-униформа, но не е опремена технички.

# АНАЛИЗА

Од месечните извештаи за работа до крајот на годината, а посебно од Годишниот извештај за работа на судот за 2022 година може да се утврди дека судот работејќи со намален број на судски службеници, со зголемен обем на работа за вкупно 60 предмети, во целост го совлада годишниот прилив на ниво на суд и заостатокот го намали за 152 предмети. Подобрен е квалитетот на работа на судот. Нема негативна постапка на вработените, ниту пак судиите спрема странките со која би бил нарушен угледот на судот. Тоа е разултат на постигнато ниво на хармонија на односите помеѓу сите чинители во судот, создадената атмосфера за работа во судот, како и на односите на судот како целина спрема странките .

# ПРИОРИТЕТИ

## ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

Основен суд Виница е сместен во зграда која претходно е имала друга намена. Место положбата на судот е одлична. Во негова непосредна близина се поштата, полицијата, зградата на локалната самоуправа. Дворното место во судот е пространо и озеленето и целосно е оградено. Канцелариите на судиите се на катот од зградата. Нема посебна просторија за записничари-дактилографи. Судот има сопствено парно за греење. Парниот котел е сместен во времен објект - метална гаража, на која е поставена огноотпорна изолација. Добро би било кога истата оваа лимена гаража би послужила за тврда градба над која би се изградило судска сала на катот од судот, со што би се добила уште една судска сала а под гаражата би се направиле подрумски простории за сместување на парниот котел и би се добиле нови простории за чување на одземени предмети и една канцеларија. Судот нема шалтер служба. За изградба на шалтер служба во судската писарница потребна е градежна интервенција и инвестиција за која се потребни минимални финансиски средства а ефектот би бил голем за вработените во писарница кои работат со странкии за самите странки. Странките влегуваат

во писарницата наместо преку шалтер служба на кој начин би се избегнало задржувањето во просторијата, како и чекањето во истата просторија а не во ходникот односно чекалната на судот. Судот има и други потреби, потребно е да се направи промена на внатрешните врати со нови (вратите се стари 50 години) и набавка на машина за чистење на епоксиден под како и за енергетска ефикасност на зградата на судот со поставување на изолација, за што до Судскиот буџетски совет редовно се доставувани барања со образложение , пресметка и проект.

## ОПРЕМА

Во 2022 година имаше капитална инвестиција со две групни јавни набавки преку Врховен суд на РСМ- набавка на нов сервер за потребите на Осноен суд Виница во врсдност од 1.307.532,00 денари и преку Судски совет - набавка на информатичка опрема во вредност од 244.440,00 денари.

Спроведена е постапка за јавна набавка на канцелариски потрошен материјал, набавка на гориво за греење и за моторното возило, набавка на хартија за печатари и копир, набавка на тонери, набавка на услуги , набавка на средства за хигиена, обувки за судски доставувачи и за судска полиција. Набавка на резервни компјутерски делови и услуги за осигурување на граджен објект и машини.

Канцелариите се опремени со мебел кој е набавен во 2004 година. Потребно е набавка на столици-фотејли во канцелариите на судиите бидејќи старите се дотраени а не можат да се поправат.

Се продолжува со мерките за штедење така да трошоците за електрична енергија, топлотна енергија, телефон и пошта се сведени на минимум, на потребното. Судот на крајот на 2022 година нема неплатени обврски освен тековните, за комунални услуги за месец декември.

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Судот располага со информатичка технологија која во најголем дел е обновена и тоа во однос на компјутери и печатари, скенери, се користи интернетот и електронската пошта. Меѓутоа постоечката мрежа што ги опслужува компјутерите е стара и дотраена истата е од 2008 година и потребно е нејзино обновување.

## БАЗА НА ПОДАТОЦИ

Основен суд Виница има веб страна која е активна и постојано се ажурира.

| Објавени одлуки на Судскиот портал | | |
|---|---|---|
| Месец / 2022 | Објавени одлуки | % од вкупно објавени |
| Јануари | 10 | 2,82% |
| Февруари | 31 | 8,76% |
| Март | 16 | 4,52% |
| Април | 5 | 1,41% |
| Мај | 17 | 4,80% |
| Јуни | 118 | 33,33% |
| Јули | 13 | 3,67% |
| Август | 21 | 5,93% |
| Септември | 15 | 4,24% |
| Октомври | 55 | 15,54% |
| Ноември | 30 | 8,47% |
| Декември | 23 | 6,50% |
| Вкупно | 354 | 100,00% |

На веб страната се објавуваат и месечните извештаи за работа, годишниот извештај за работа, а секојдневно се објавуват и распоредите за судење на судиите.

## ЦЕЛ

Основниот суд Виница во 2022 година настојуваше да успешно ја оствари својата функција пропишана согласно Уставот и Законот и овозможи слободен пристап на граѓаните во остварувањето и заштитата на нивните права. Подобрен е квалитетот на работење, и и покрај намалениот број на судски службеници поради исполнување на услови за старосна пензија и со отказ од страна на работникот, совладан е приливот со предмети и заостатоккот е намален за 152 предмети со што судот е апсолутно ажурен суд. Освен тоа и во судот бројот на судиите кој со одлука на Судскиот совет е определен на тројца со претседателот на судот, во моментот само еден е судија на Основен суд Виница. Останатиот број на судии двајца со Петседателот на судот се од друг суд. Потребно е да се пополни потребниот број на судии во судот и на вработени како не би трпела работата и судот ја постигне својата цел навремено, ефикасно и ажурно работење.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Основниот суд Виница како единка корисник на буџетски средства се финансира преку буџет кој се проектира за секоја година и реализира преку Судскиот буџетски совет.

За 2022 година беше проектиран следниот буџетски план:

| 603-11 Буџетска сметка | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Конто-назив | Одобрен план | релизација | остаток | % на реализација |
| 420-Патни трошоци | 0 | 0 | 0 | 0% |
| 421-комунлани услуги | 500.000 | 499.692 | 308 | 99.94% |
| 423-канцелариски материјали | 100.000 | 98.873 | 1.127 | 98.87% |
| 424-тековно одржување | 50.000 | 50.000 | 0 | 100% |
| 425-Дог.услуги и вештачења | 160.000 | 159.243 | 757 | 99.53% |
| 426-Др.операт.услуги | 20.000 | 20.000 | 0 | 100% |
| 464-разни трансфери | 185.052 | 185.052 | 0 | 100% |
| 480-Купување на опрема и машини | 1.551.972 | 1.551.972 | | 100% |
| Вкупно | 2.567.024 | 2.564.832 | 2.192 | 99.99% |
| **631-19-Самофинансирање** | | | | |
| 420-патни и дневни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421-комунални услуги | 670.000 | 569.443 | 100.557 | 84.99% |
| 423-материјали и ситен инвентар | 150.000 | 27.565 | 122.435 | 18.38% |
| 424-поправки и тековно одржување | 50.000 | 23.248 | 26.752 | 46.50% |
| 425-Дог.услуги и вештачења | 100.000 | 7.333 | 92.667 | 7.33% |
| 426-Др.тековни расходи | 35.000 | 32.488 | 2.512 | 92.82% |
| 464-разни трансфери | 210.000 | 210.000 | 0 | 100% |
| Вкупно | 1.215.000 | 870.077 | 344.923 | 71.61% |
| СЕ ВКУПНО | 3.782.024 | 3.434.909 | 347.115 | 90.82% |

На крајот на годината во Основен суд Виница не останаа неизмирени обврски. Се продолжува со мерките за штедење на трошоци каде може тоа да се направи, со трошоците за електрична енергија, телефон и пошта кои се сведени на најпотребното. За напомена е дека и судот на крајот на 2022 година нема неплатени обврски-долгови.

## СОРАБОТКА

Основниот суд Виница има и остварува соработка со другите судови на подрачјето на Апелационен суд Штип, со Апелационен суд Штип, Врховен суд на РМ, Судскиот совет на РМ, преку контакти на претседателот на судот, со учество на средби, семинари, едукации, како и со заедничко учество на судиите на стручни и други советувања организирани од Академијата за судии и јавни обвинители. Исто така соработува и со другите

судови во државата.

Претседателот на судот остварувал соработка и со Единицата на локалната самоуправа Виница, МВР-ПС Виница, Јавното обвинителство, Првобранителство, Центарот за социјални работи, Нотарот и Извршителите, како и со средствата за јавно информирање, а се со цел за успешно вршење на својата функција и за транспарентност во работењето.

Виница
февруари 2023

Претседател на судот
Сузана Спасова